Врз основа на член 18 став 1 алинеја 17 и член 19 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18) и член 18 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, во согласност со член 15 став 1 алинеја 16, а во врска со член 43 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-337/3 од 25.01.2019 година, на 3-та седница одржана на 25.01.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се поништува Јавниот конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Нова Македонија“ и на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Коха“, поради тоа што на 8 јануари 2019 година влезе во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18) во кој се предвидени нови критериуми за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

На 24.12.2018 година Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Одлука бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година, врз основа на која на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Нова Македонија“ и на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Коха“ беше објавен Јавен конкурс за избор на заменик на директор на Агенцијата, со рок за пријавување на кандидатите од 30 (триесет) дена од денот на последното објавување во дневен весник.

На 31.12.2018 година во Службениот весник на Република Македонија број 248 беше објавен Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18) кој влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, односно на 08 јануари 2019 година. Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги предвиде нови критериуми за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои се различни од критериумите кои беа предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18).

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 17 и член 19 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 16, а во врска со член 43 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 04-368/1**
**25.01.2019 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**